Спецификација за импорт на налози од txt фајл на WEB апликацијата за за корпоративно работење (денарски платен промет)

Фајлот за импорт на налози треба да е текстуална датотека со UTF-8 енкодинг.
Податоците од налогот се внесуваат во еден ред на текстуалната датотека.
Секој ред претставува еден нов налог за импорт.
Почетна позиција е бројот на колона во текстуалната датотека од која почнува полето.
Должината на полињата се надополнува со празни места од лево или со празни места од десно.

Опис на поле	Почетна позиција	Должина на поле (бр. на карактери)	Објаснување
Приоритет	1	2	Се пополнува со вредности од 11 до 90 при што поголем приоритет имаат трансакциите со помал број, Преддефинирана вредност е 50
Сметка на налогодавач	3	18	Се пополнува со сметката на налогодавач, се внесуваат само цифри. Пример: 210122121122123
Повикување на број (задолжување)	21	24	Ако нема повикување на број (задолжување) се внесуваат само празни места.
Цел на дознака	45	70	Се пополнува со максимум 70 знаци
Шифра на плаќање	115	6	Се пополнува со 4 алфанумерички знаци, не е задолжително поле
Износ	121	19	Се пополнува со вредноста на износот. На вредноста се додаваат две нули за децималниот дел од износот Пример: ако треба да се плати 150ден. тогаш во полето за износ треба да се внесе 15000
Сметка на примач	140	18	Се пополнува со сметка на налогопримач, се внесуваат само цифри. Пример: 200100101102103
Назив на примач	158	70	Се пополнува со името на налогопримач (максимум 70 знаци)
Повикување на број (одобрување)	228	24	За ПП30 треба да се внесе алфанумерички карактери, ако немате - внесете само една цифра - 0. За ПП50 се внесува Уплатна сметка и Приходна шифра и програма или Сметка на буџетски корисник и Приходна шифра и програма. Помеѓу уплатната сметка и приходната шифра и програма се остава 4 празни места, а помеѓу сметката на буџетски корисник и приходната шифра и програма не треба да има празни места.
Тип на налог (ПП30/ПП50)	252	2	Дозволени вредности: 30 или 50, соодветно за тип на налог ПП30 и тип на налог ПП50.
Даночен Број	254	13	За ПП30 се внесуваат само празни места. За ПП50 се внесува даночен број на налогодавач
Датум на поднесување	267	10	Се пополнува во форма: yyyy.mm.dd
Начин на плаќање	277	1	Се очекуваат следните вредности: 0,1 или 2 (0 за интерен налог, 1 за МИПС и 2 за КИБС)